# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

**610.**

Врз основа на член 10 став (7) од Законот за работно ангажирање на лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/25), министерот за економија и труд донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ПРИЈАВЕН РАБОТЕН АНГАЖМАН

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на потврдата за пријавен работен ангажман (во натамошниот текст: потврдата).

Член 2

Потврдата содржи: податоци за работодавачот, податоци за работно ангажираното лице и податоци дека работното ангажирано лице пред да стапи на работа, е запознаено со начинот и условите за вршење на работата за која е ангажирано согласно Законот за работно ангажирање на лица.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 12-1087/1
20 февруари 2026 година
Скопје

Министер за економија
и труд,
**Бесар Дурмиши,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

**611.**

Врз основа на член 11 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 6 и член 61 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 87/23, 148/25, 160/25 и 258/25) министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЕДИНЕЧНО ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЗИЛО

Член 1

Во Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14, 182/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 30/21) во член 8 став (3) алинејата 1 се менува и гласи:

„-за возилата од член 2 став (1) од овој правилник, потврда за исполнување на техничките барања во оригинал издадена од производителот или од застапникот на производителот, односно технички карактеристики и список на одобренија доделени за возилото, неговите системи, самостојните технички единици и составните делови, согласно барањата од Прилог II од овој правилник или потврда за исполнување на техничките барања издадена од независна институција наведена во Договорот за донесување на униформни (еднообразни) технички прописи за возилата на тркала, опремата и деловите кои можат да се вградат и/или да се користат на возила на тркала, како и за условите за реципрочно признавање на одобрувањата издадени врз база на тие прописи (Спогодба од 1958) која ќе биде прифатена од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини односно технички карактеристики и список на одобренија доделени за возилото, неговите системи, самостојните технички единици и составните делови, согласно барањата од Прилог II од овој правилник;“.

Член 2

Во член 23 став (3) алинејата 3 се менува и гласи:

„-потврда за исполнување на техничките барања во оригинал издадена од производителот или од застапникот на производителот, односно технички карактеристики и список на одобренија доделени за возилото, неговите системи, самостојните технички единици и составните делови, согласно барањата од Прилог II од овој правилник или потврда за исполнување на техничките барања издадена од независна институција наведена во Договорот за донесување на униформни (еднообразни) технички прописи за возилата на тркала, опремата и деловите кои можат да се вградат и/или да се користат на возила на тркала, како и за условите за реципрочно признавање на одобрувањата издадени врз база на тие прописи (Спогодба од 1958) која ќе биде прифатена од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини односно технички карактеристики и список на одобренија доделени за возилото, неговите системи, самостојните технички единици и составните делови, согласно барањата од Прилог II од овој правилник;“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 47-2154/1
23 февруари 2026 година
Скопје

Министер за енергетика
рударство и минерални
суровини,
**Сања Божиновска,** с.р.

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**612.**

Врз основа на член 151 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/2020, 288/2021, 53/2024 и 3/2025), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, постапувајќи по барањето бр. УП1 10-3 од 2.2.2026 година, на седницата одржана на 16.2.2026 година, го донесе следново

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИСКИ СОВЕТНИК

1. Се дава дозвола за работење на инвестициски советник на лицето Анастасија Џутеска од Скопје.
2. Дозволата за работење на инвестициски советник на лицето Анастасија Џутеска се дава за период од 5 (пет) години од денот на донесување на ова Решение.
3. Дозволата за работење на инвестициски советник на лицето Анастасија Џутеска престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со Закон.
4. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

УП 1 број 10-3
16 февруари 2026 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Бујаре Абази,** с.р.